„Кој ќе го рецитира Ајетул-Курсиј после секој задолжителен намаз, нема да го спречи од влезот во Џенетот освен смртта.“

Ебу Умаме, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе го рецитира Ајетул-Курсиј после секој задолжителен намаз, нема да го спречи од влезот во Џенетот освен смртта.“
[صحيح] [رواه النسائي في الكبرى]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека оној кој ќе го рецитира Ајетул-Курсиј по завршувањето на задолжителниот намаз, ништо нема да го спречи да влезе во Џенетот освен смртта. Ајетул-Курсиј се наоѓа во сурата Ел-Бекаре и гласи: „Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател! Не Го обзема ни дремка ни сон! Негово е тоа што е на небесата и на Земјата! Кој може кај Него да се зазема освен со Негова дозвола?! Тој знае што било пред и што ќе биде по нив, и тие не можат да опфатат од Неговото знаење, освен колку што Тој сака! Неговиот Курсиј ги опфаќа и небесата и Земјата, и Нему не Му е тешко да ги одржува! Тој е Севишниот, Величествениот!“ (Ел Бекаре, 255)

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10950